**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗАКОНОДАВНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**
**Број 10 -1920/**
**10 мај 2013 година**
**Скопје**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија на Деведесет и четвртата седница одржана на 10 мај 2013 година во **Прво читање** го разгледа

**Предлогот на закон за заштита од вознемирување на работно место и врз основа на расправата констатира дека е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.**

Потребата од донесување на закон за заштита од вознемирување на работно место ја образложи повереникот на Владата, Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика, при што го даде образложението содржано во Предлогот на законот.

Членот на Комисијата Сузана Салиу поддржувајќи го предложениот закон, истакна дека е добро што со истиот вознемирувањето на работното место ќе биде регулирано со посебен закон, иако истото е регулирано со Законот за работните односи. Исто така укажа дека мобингот постоел одсекогаш, меѓутоа работниците немале храброст да го пријават, а дека со предложениот закон превентивно ќе се влијае врз спречување на вознемирувањето на работно место. Покрај ова истакна дека со предложениот закон се предвидени глоби за работодавачот, доколку не се придржува на предвидените одредби.

Претседателот на Комисијата Благородна Дулиќ и заменик членот на Комисијата Весна Пемова истакнаа дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе ја поддржи потребата од донесување на предложениот закон, бидејќи со истиот се остварува заштита на човековите права, а пред се заштита на работниците од вознемирување на работно место. Исто така истакнаа дека основна цел на предложениот закон е создавање на поконкретен и поцелосен законски механизам за спречување и отстранување на случаите на психичко вознемирување на работно место, спречување на повторување на вознемирување на работно место и долгото траење на постапката за заштита од вознемирување на работно место, како и обезбедување на подобра и поефикасна заштита од вознемирување на работно место.

Комисијата врз основа на член 142 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, едногласно констатира дека Предлогот на закон за заштита од вознемирување на работно место е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.

Комисијата за известител на седницата на Собранието го определи пратеникот Благородна Дулиќ.

Претседател на
Законодавно-правната комисија,
Благородна Дулиќ